МАКЕДОНИЈА

# Банална расправија за рамазански леб - причина за пукањето во Чаир

**Еден од двајцата згрижени во Градската болница Свети Наум Охридски е задржан на понатамошно лекување по синоќешниот инцидент во Чаир,  кога во тепачка беше употребено и огнено оружје..**



Прегледи:
1472

Објавил:

Михаела Димовска
08 април 2023, 15:20

Сподели
Сподели

Трагите од крв на уличниот асфалт позади скопската поликлиника „Бит Пазар“ сведочат за синоќешната физичка пресметка која заврши со пукање, а во која тројца, меѓу кои и еден малолетник, беа повредени.

Двајца од нив беа преснесени во ГОБ „Св. Наум Охридски“ од каде во изјава за Канал 5 велат дека дваесет годишникот кој има прострелна рана во десната дланка е во стабилна состобја, но е задржан на понатамошно лекување, додека другото 23-годишно лице кое имало повреда на главата од цврст предмет е пуштено дома. Третиот, кој бил случаен минувач и се обидел да ги раздели групите, но и тој настрадал со повреда на носот е пренесен на Клиниката за уво, нос и грло. Засега нема информација за приведени. Од полицијата велат дека работат на расчистување на случајот..

Според се уште нефицијални информации расправијата и физичката пресметка која завршила со пукање настанала затоа што не се почитувал редот во пекарата каде се купувал рамазанскиот леб.

Посегнувањето по оружје и неговата употреба и при најбанални несогласувањата меѓу луѓето е проблем како кај нас, така и во целиот свет, вели психологот Мирјана Стојановска Јовановска. Главната причина за тоа ја гледа во тоа што оружјето е лесно достапно

„Големата достапност до одружјето, дека може се кој да го носи дека може лесно да се извади, добро кај нас не е толку страшно додека во Америка или на запад е станато масовно поседувањето на оружје..

Втората причина за тоа дека на многумина им е полесно да посегнат по оружјето наместо да се обидат на мироъубив начин да решат некој проблем, Јовановска ја гледа во тоа што младите се под огромно влијание на агресијата и насилствата кои се прикажуваат на филмовите, видео и игрите и интернетот.






ПРЕТПЛАТЕТЕ СЕ НА НАШИОТ NEWSLETTER
Е-маил
Претплати се

СВЕТ

# САД истражуваат од каде протекуваат доверливи документи

**Официјални лица рекоа дека опсегот на темите опфатени во документите, од војната во Украина до прашањата поврзани со Кина, Блискиот Исток и Африка, укажуваат на Американец, а не на сојузник.**



Прегледи:
1

Објавил:
10 април 2023, 09:44

Сподели
Сподели

Протекувањето на доверливи воени документи кои беа објавени на социјалните мрежи ги вознемири американските служби, кои се обидуваат да го идентификуваат изворот за кој некои безбедносни експерти се сомневаат дека може да биде некој од САД.

Официјални лица рекоа дека опсегот на темите опфатени во документите, од војната во Украина до прашањата поврзани со Кина, Блискиот Исток и Африка, укажуваат на Американец, а не на сојузник.

- Фокусот сега е дека ова е американско протекување бидејќи голем број документи ги поседувале само САД, изјави поранешниот висок функционер на Пентагон, Мајкл Малрој.

Американските власти рекоа дека истрагата, која сè уште е во рана фаза, не ја исклучува можноста проруски елементи да се поврзани со протекувањето на документите, што се смета за најсериозно нарушување на безбедноста од 2013 година, кога повеќе од 700.000 документи беа објавени на Викиликс.

Руската амбасада во Вашингтон и Кремљ не одговорија на новинарските барања за коментар.

Двајца американски функционери изјавија дека не ја исклучуваат можноста документите да се фалсификувани за да се доведат во заблуда истражителите или да се шират лажни информации против САД.


Зевзекманија
Хумор, сатира, цинизам, забава, пародичен поглед на нашата убава Македонија.

ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ


САД истражуваат од каде протекуваат доверливи документи
09:44


Артета за ремито на Ливерпул: Можевме даземеме три бода
09:37


Осум лица веројатно се загинати под урнатините на двете згради во Марсеј
09:30


Четири лица загинаа во лавина на Француските Алпи
09:27

ФУДБАЛ

# Артета за ремито на Ливерпул: Можевме да земеме три бода

**Тренерот на  лидерот во англиската премиерлига Арсенал, Микел Артета ги сумираше впечатоците од дербито на 30. коло против Ливерпул.**




Прегледи:
327

Објавил:
10 април 2023, 09:37

Сподели
Сподели

„Топчиите“ вчеравечер на гостувањето во Ливерпул одиграа 2:2 иако има водство од 2:0 до 42. минута.

- Многу тензичен натпревар. Беше под наша контрола, до финишот на првиот дел кога примивме многу наивен гол. Почнавме добро во второто полувреме, но потоа ја загубивме контролата. Тоа беше многу нестабилна, хаотична игра. Ливерпул можеше да постигне три или четири гола. И ние имавме шанси да го решиме натпреварот, така што конечниот резултат е веројатно фер. Можевме да освоиме три бода. Моравме да продолжиме да играме како во првото полувреме уште 15 минути - тогаш натпреварот ќе се одвиваше во сосема поинакво сценарио, изјави Артета за „Би-би-си спорт“.

Арсенал е на врвот на табелата во Премиер лигата со 73 бода од 30 натпревари. Ливерпул е на 8. место со 44 бодови од 29 натпревари.


Зевзекманија
Хумор, сатира, цинизам, забава, пародичен поглед на нашата убава Македонија.

Бидете информирани следете не на Facebook

СВЕТ

# Осум лица веројатно се загинати под урнатините на двете згради во Марсеј

**Осум лица не одговараат на повиците и се верува дека се под урнатините на двете згради што се урнаа во вчерашната експлозија во Марсеј, соопштија локалните власти.**



Прегледи:
362

Објавил:
10 април 2023, 09:30

Сподели
Сподели

Причината за експлозијата се уште не е утврдена, изјави синоќа обвинителот од Марсеј, Доминик Лоренс.

-Уривањето на зградите предизвика пожар што ја отежнува работата на спасувачите и истражителите и тој се уште не е под контрола, рече таа.

Пет лица се пренесени во болница со сериозни повреди, што но не опасни по животот.

-Третата зграда делумно е урната, изјави министерот за внатрешни работи Џералд Дарманин, кој го посети местото на несреќата.

Тој додаде дека 30 згради во областа се евакуирани.

Министерот за домување Оливие Клајн изјави за радио Европа 1 дека околу 180 луѓе се евакуирани.

-Колку што е познато зградите што се урнаа на улицата „Тиволи“ немаа структурни проблеми, додаде обвинителката.


Зевзекманија
Хумор, сатира, цинизам, забава, пародичен поглед на нашата убава Македонија.

ПРЕТПЛАТЕТЕ СЕ НА НАШИОТ NEWSLETTER
Е-маил
Претплати се



Преземање на авторски текстови и видеа без претходна писмена дозвола од Канал 5 ТВ е кривично дело. Преземање на авторски текстови и видеа со ставање хиперлинк до содржината на сајтот на Канал 5 ТВ без претходна писмена дозвола од Канал 5 ТВ исто така е кривично дело. Непочитување на авторските и сродни права е казниво со закон.